Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 24-08-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4122 | 1 | |


ДО:

Претседателот и членовите на Советот на

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги на Република Македонија

Препратено и до директорот и Стручната служба на Агенцијата

**Предмет: Предлог за измени и дополнувања на Нацрт-Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година (како што стои во насловот), донесен на 28-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 17.08.2016 година**

Почитувани,

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 28-та седница што се одржа на 17.08.2016 година ја отвори постапката за носење на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година. За која, истовременоо меѓувреме, веќе беше отворена јавната расправа и која е предвидено да трае до 24.08.2016 година. По што треба да се усвои за да се запазат законските рокови предвидени за неа.

Уште на самата седница изнесов неколку забелешки за дополнување и подобрување на предложениот текст, се со цел на крајот да се добие квалитетен, по содржина документ што треба да биде имплементиран во периодот што следува. Дел од нив ги преточувам во конкретни предлози за измена на предложениот текст. Го задржувам правото во финалната расправа за Методологијата и усно да дадам дополнителни предлози.

Предлог 1:

- ***Квантитативен аспект на избалансирано известување,*** **точка А – *Периоди пред и од распишување на изборите,* страна 12 од Методологијата ...**
- **"Времето на вестите издвоено за политичките партии од парламентарната опозиција.... ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА НАЈМАЛКУ ПОЛОВИНА од времето издвоено за политичките партии кои ја сочинуваат позицијата .... " се менува и гласи.... "... ТРЕБА ДА БИДЕ ЕДНАКВО.... " со времето издвоено за партиите што ја сочинуваат позицијата...**

**Предлогот се менува секаде соодветно во предложениот текст.**

Образложение:

Потребата, освен правично и непристрасно, да се обезбеди и балансирано известување во последните 100 дена пред денот на гласањето, стана задолжителна со последните измени на изборната регулатива, како дел од политичкиот договор што, со посредство на меѓународната заедница, беше постигнат меѓу власта и опозицијата. Впрочем тоа јасно се гледа во првиот став од членот 75 на Изборниот законик, каде децидно стои: **"Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма**". Изборот на францускиот модел надвор од изборни периоди, прилагоден на македонски услови за прашања од актуелниот внатрешно-политички контекст, е, според мое мислење, можност да се фаворизираат партиите од власта кои, би добиле можност да бидат присутни во етерот на радиодифузерите најмалку двојно повеќе.

Од тие причини, предлагам времето за опозицијата да биде еднакво со тоа на позицијата, во тајмингот што квантитативно ќе се мери за време на мониторингот. Надвор од ова остануваат активностите на државни и локални функционери за теми и настани кои ги надминуваат рамките на внатрешниот политичко-економско-општествен дискурс.

Истовремено на овој начин, радиодифузерите би ги исполниле и обврските од членот 61 на ЗААВМУ каде во едно од начелата стои: " **- објективно и**

**непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања...".** Во ситуација кога искуствено, познато е македонското минато кое е полно со примери за, квантитативно и квалитативно, масовно медиумско покривање на власта и нејзините поддржувачи, поточно нивните активности, најцелисходно би било во последните 100 дена пред денот на изборите, балансираноста да значи целосно еднаков, по време и содржина, пристап на политичките опоненти кои ќе се натпреваруваат на изборите. Само на таков начин во полна смисла на зборот би се исполнила смислата на политичкиот (внатрешен) плурализам во медумите.

**Предлог 2:**

- ***Известување за активностите на претставниците на власта, страна 18 од Методологијата.....*****и се однесува на постапувањето на Агенцијата за таков тип на прилози од медиумите.**
- Реченицата **"За да се изрече мерка, во периодот од 10 дена треба да има најмалку десет вакви прилози"...** се менува и гласи **"ВО ПРВИТЕ ДЕСЕТ ДЕНА ЗА ЕМИТУВАЊЕ НА ВАКОВ ТИП ПРИЛОЗИ НА МЕДИУМИТЕ ЌЕ ИМ БИДЕ УКАЖАНО ДАЛИ ИЗВЕСТУВААТ ВО ФУНКЦИЈА НА ИЗБОРНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ. ПО ИСТЕКОТ НА 10-ОТ ДЕН ДО ПОЧЕТОКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, ЗА СЕКОЕ ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ВАКОВ ТИП ЌЕ СЕ ПРЕЗЕМЕ, СО ЗАКОН ПРЕДВИДЕНА, КОНКРЕТНА МЕРКА... "**

**Предлогот се менува секаде соодветно во текстот.**

**Образложение:**

Известувањето на медиумите за активностите на било која политичка партија, особено на оние од власта, е појава која е белег на медиумскиот амбиент во Македонија во претходните години. Честото присуство на државни функционери во секое време на етерот; масовните владини кампањи со кои се објаснуваат голем број политики на владејачките партии, сечењето на ленти за најмали локални сокачиња, да не се зборува за проекти кои се од поголем карактер, ја позиционираше владејчката структура на централното место во сите информативни програми на најголемиот дел од медиумите. Впрочем и последната трагедија со поплавите во скопско, беше типичен пример за водење на партиска

кампања под превезот на дневни активности на претставници од централната и локалната власт.

Нема да изненади дека ваквиот тренд ќе продолжи и во периодот што следува, особено како се наближува денот кога треба да се одржат изборите. Праксата покажала дека има аргументи тврдењето кое вели дека секој кој има намера така да известува, тоа ќе го направи повеќе од 10 пати во период од десет дена. Но, барем исто толку валидна поткрепа, има и во тоа дека медиумите може да проектираат до девет грешки во 10-дневен период и истото да го повторуваат во целиот останат период до изборите. А, токму тие, условно речено, грешки може да имаат пресудно влијание врз гласачите.

Затоа, подобро е ако се засили мониторингот за известувањето кое е во функција на изборно медиумско претставување. На медиумите кои ќе ги покриваат изборите, да им се остави еден т.н. "грејс" период кој би бил во првите десет дена од почетокот на мониторингот, време доволно да се прилагодат за новите изборно-медиумски правила. Потоа, секоја грешка, поточно, за секој прилог, кој од мониторингот би бил посочен дека влегува во оваа категорија, би би предмет на изрекување на, со закон предвидена, конкретна мерка.

**Предлог3:**

***Квантитативен аспект на избалансирано известување*, точка А – *Периоди пред и од распишување на изборите,* графикон на страна 13 од Методологијата.**

- **Коалиции, сојузи, граѓански организации и слично кои ја поддржуваат власта односно опозицијата...** се брише....

**Образложение:**

Нема пример во демократските опшество каде врз основа на објективен се класифицираат граѓанските организации на провладини и проопозициски. Спротивно, во суштината на своето дејствување секоја граѓанска организација треба да е коректор на одредени аномалии во општеството, пред се на постапките од власта. Од друга страна АВМУ нема и не може да има регистер на граѓански организации, сојузи, коалиции и слично кои ја поддржуваат позицијата, односно опозицијата. На пример, во кој дел би биле класифицирани активностите на организации од типот на МОСТ, која е меѓународно призната како набљудувач на изборни процеси кај нас и во светот и слични на неа граѓански организации, кои

заради природата на своето дејствување ќе имаат јавно искажано ставови за повеќе прашања проврзани со изборите, а кои не исклучено, во најголем дел да бидат критика кон јавните институции. За разлика од останатите наведени субјекти – политичките партии, носители на функции на централно и локално ниво кои се учесници во изборниот процес, граѓанските организации се нивни набљудувачи.

Од овие и други причини предлагам тие да се изземат од квотите за квантитативен баланс кај власта и опозицијата.

Скопје, 24.08.2016 година

**Член на Советот на АВМУ**

**Зоран Фиданоски**